Q4
2021

ГЛОБАЛЕН БЕРЗАНСКИ ПРЕГЛЕД

WVP
FUND MANAGEMENT

www.wvpfondovi.mk

ПОЧИТУВАНИ ИНВЕСТИТОРИ,

Со ова обраќање сакаме да ги адресираме до Вас најважните светски и домашни настани од последниот квартал од 2021 година, да Ви дадеме еден глобален берзански преглед за тековните случувања, како истите се одразиле врз движењето на светската економија и растот на бизнисите кои се дел од нашето портфолио, како и перформансите на нашите фондови и споредба на истите со светските берзански индекси. Како и до сега така и понатаму, нашата примарна цел и одговорност кон Вас останува успешното управување со Вашите средства, согласно инвестициската стратегија кон која Вие сте се согласиле.

Инвестициската цел на **ВФП Премиум Инвест** и понатаму продолжува да се остварува преку професионално управување со средствата на Фондот, односно креирање на портфолио на хартии од вредност на најразвиените и најрегулираните пазари во светот, преку инвестирање во големи компании - „Large Caps" кои се лидери во сопствените индустрии и имаат континуирана растечка историја на исплата на дивиденда кон инвеститорите.

Во фокус на инвестициската политика на **ВФП Дивиденда** се компании со пазарна капитализција над 2 милијарди долари кои имаат голем потенцијал за раст на бизнисот и компании кои имаат високи дивиденди приноси чии бизниси се стабилни, нискозадолжени или имаат висока способност да ги исплаќаат каматните расходи и вкупните долгови. Фондот е наменет за сите инвеститори кои сакаат да остварат атрактивен принос преку искористување на глобалниот раст на светската економија, особено во најразвиените економии во светот како САД, ЕУ и Велика Британија и остварување на приходи од исплата на дивиденда од фондот.

ВФП 100% Бонд фондот продолжува да е наменет за инвеститори кои не сакаат своите средства да ги изложат на високи осцилации и на среден рок сакаат да остварат атрактивен принос на своите средства преку вложување во државни и корпоративни обврзници.

ВФП Кеш Депозит е идеален за инвеститори кои претпочитаат средствата примарно да им бидат пласирани во банки и кои за цел имаат да менаџираат со својата тековна или среднорочна ликвидност.

СОДРЖИНА:

- Анализа на перформансите на фондовите
- Анализа на светските индекси
- Макро индикатори
- Очекувања за 2022 година
- Препораки

АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ФОНДОВИТЕ

YTD
24,89%

ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ

Извор: WVP Fund Management

Во четвртиот квартал, акциите во развиените пазари продолжија да растат, обезбедувајќи им на инвеститорите високи, позитивни приноси како за кварталот така и годината.

Појавата на многу заразната варијанта Omicron доведе до скок на нестабилноста на пазарот на капитал на крајот од ноември, но пазарите брзо закрепнаа бидејќи податоците од Јужна Африка укажаа на помал ризик од тешка болест што позитивно беше перцепирано од страна на инвеститорите.

Дополнително, сезоната на заработка во третиот квартал се покажа како подобра односно огромното мнозинство компании и во Европа и САД објавија подобри резултати од очекуваните а исто така и за 2022 година очекувањата за заработката на S&P 500 повторно се зголемија.

Сето ова заедно со реалксирачката монетарна политика беше позитивно протолкувано од страна на инвеститорите. На состанокот во декември, ФЕД објави дека ќе го забрза намалувањето на квантитативното олеснување (QE) -пуштање на пари во оптег во 2022 година и дека QE ќе заврши во средината на март, околу три месеци порано од очекуваното. ФЕД, исто така, сигнализираше дека се очекува да ги зголеми каматните стапки три пати во 2022 година со цел да се бори против зголемената инфлација.Европската централна банка соопшти дека ќе го намали купувањето на обврзници, но ја отфрли можноста за зголемување на каматните стапки во 2022 година.

Сите овие настани директно се одразија врз цената на уделот на ВФП Премиум Инвест, кој во текот на четвртиот квартала реализира раст од 8,66% и раст за 2021 година од 24,89%

АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ ВО СПОРЕДБА СО СВЕТСКИТЕ БЕРЗАНСКИ ИНДЕКСИ



Извор: Eikon; WVP Fund Managament

Како показател за успешноста при управување со средствата на инвеститорите следејќи ја инвестициската стратегија на фондот: вложување во големи мултинационални компании и примарна изложеност на европскиот пазар; како репер за споредба на приносот на ВФП Премиум Инвест го користиме ВФП Бенчмарк-от составен од композиција на два светски берзанкси индекси: 30% **Dow Jones Industrial Average** – составен од 30 мултинационални американски компании за кои се смета дека најдобро ја прикажуваат американската економија и 70% **Stoxx Europe 50** – составен од 50 европски мултинационални компании кои се најдобар репер на економијата во Европа.

ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ СЕКТОРСКА ИЗЛОЖЕНОСТ



Извор: WVP Fund Management

Голем дел од фондот во моментов е позициониран во компании од секторот Здравство, IT и Финансиски услуги. Од друга страна, диверзификацијата и изложеноста на сектори како Енергетика, Потрошувачка Циклична, Суровини, Индустрија кои важат за сектори кои се економски почувствителни, ни овозможуваат да искористиме од моменталниот раст на овие сектори – при експанзивни економски периоди.

ДВИЖЕЊЕ НА СЕКТОРИТЕ НА КОИ Е ИЗЛОЖЕНО ПОРТФОЛИОТО ВО ЕВРА

За 2021 година, сепак, енергетиката беше убедливо најдобриот сектор на пазарот како резултат на растот на цените на нафта и природен гас помогнаа енергијата да ги надмине сите други пазарни сектори. Недвижен имот, технологија и финансии беа исто така со силни перформанси за целата 2021 година, бидејќи инвеститорите бараа заштита од инфлација.

Во Европа секторите Циклична потрошувачка (+ 26,35% YTD), Финансии (+ 25,50% YTD) и Енергија (+20,16% YTD) беа победници за 2021 година. Како победници за годината во САД се: Енергија (+53,31% YTD), Недвижнини (+43,73 YTD) и Финансии (+42,08% YTD). Гледано само за кварталот Q4 секторот Материјали во САД имаше најдобар перформанс (+16,24 Q4) додека во Европа за последниот квартал како победник се издвои секторот пшти добра и услуги - utility (+13,03% Q4).



Извор: Eikon, Refinitiv

ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ ВАЛУТНА ИЗЛОЖЕНОСТ



Извор: WVP Fund Management

Стратегијата на Фондот е доминантно вложување на средствата во европски акции пред се поради стабилноста на курсот денар/евро (de facto фиксен девизен курс).
Од графиконот може да се забележи дека 51,5% од средствата на Фондот се изложени на акции во евра, потоа 30,2% е изложеност на акции во долари и останатиот дел од средствата му припаѓа на други валути како швајцарски франци, британски фунти се со цел дисперзија на средствата на инвеститорите и заштита од валутни ризици кои се јавуваат кога се вложува во финансиски инструменти со странски валути.

ДВИЖЕЊЕ НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ НА КОИ Е ИЗЛОЖЕНО ПОРТФОЛИОТО ВО ОДНОС НА ЕВРОТО

Во текот на четвртиот квартал од годината повеќето од анализираните валути ја зголемија својата вредност во однос на еврото. Најголем раст во однос на еврото имаа руската рубља (RUB) од 5,62% и швајцарскиот франк (CHF) со раст од 2,91. За 2021 година пак најголем раст во однос на еврото имаат американскиот долар (USD) и британската фунта (GBP) со раст од 7,43% и 6,39% соодветно.



Извор: Eikon, Refinitiv

ПРЕГЛЕД НА ТОП 3 ПОЗИЦИИ СО НАЈДОБРИ ПЕРФОРМАНСИ СПОРЕД УЧЕСТВО ВО ИМОТОТ НА ФОНДОТ(Q4)

APPLE INC

Apple е Американска мултинационална корпорација која дизајнира, развива и продава електроника, компјутерски софтвер и онлајн услуги. Како главни производи на оваа компанија се вклучуваат: мобилните телефони(iPhone), таблети(iPad), часовници(Apple Watch), слушалки(Air Pods) и телевизиска платформа(Apple TV). Нивниот софтвер ги вклучува оперативните системи како OS X, IOS, iTunes и Safari. Компанијата 40% од своите приходи ги генерира во САД, а останатиот дел од приходите се генерираат интернационално. Вкупните приходи на Apple за 9те месеци од 2021 изнесуваат 365,817 милијарди долари, што претставува раст од 33,2% споредбено со истиот период минатата година. Нето приходот изнесува 94,68 милијарди, и со тоа е остварен раст од 64,9% во споредба со минатата година. Добивката по акција изнесува 5,61 долари и тоа е раст од 71% во однос на минатата година.

UNITED HEALTH GROUP INC

United Health Group е Американска мултинационална здравствена и осигурителна компанија. Тие нудат здравствени и осигурителни услуги. Оваа компанија работи преку четири сегменти: UnitedHealthCare, OptumHealth, OptumInsight, and OptumRx. United Health Group преку својата мрежа од 125,000 вработени, обезбедува здравствена услуга за повеќе од 146 милиони луѓе. Во соработка со организации и национални партнери, целат кон идентификација на здравствената нееднаквост и намалување на истата. Вкупните приходи заклучно со 30 Септември бележат раст од 11.5% и достигнуваат 213,854 милијарди долари споредбено со истиот период минатата година. Нето добивката останува стабилна и изесува 13,214 милијарди, а добивката по акција изнесува 14,54 долари.

NESTLE

Nestle S.A. е основана во Швајцарија и е една од најголемите компании во светот за исхрана и здравје. Тие се раширени во повеќе од 190 земји низ светот. Нивните производи можат да се стават во категории како пијалоци, млечни производи, сладолед, готвена храна, помагала за готвење, слаткарници и нега за миленичиња, а нивното диверзифицирано портфолио се состои од брендови како Nestle, Nescafe, Perrier, Pure Life, and Purina. Исто така, Nestle, поседува 23% од сопственоста на француската компанија за козметика L'Oreal. Во светски рамки, Nestle има околу 273,000 вработени. Согласно објавените резултати за Септември 2021, тие имаат приход од 63,294 милијарди швајцарски франци.

АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ФОНДОВИТЕ

ВФП ДИВИДЕНДА

YTD 23,94%

Извор: WVP Fund Management

Американските акции пораснаа во четвртиот квартал. Корпоративни добивки беа силни и покрај послабиот ноември, за време на кој беа зголемени стравувањата од растот на случаи на „Омикрон“ варијантата на „Ковид-19“ како и брзината на намалувањето на средствата на Федералните резерви на САД. До крајот на годината, овие грижи во голема мера стивнаа, додека податоците и понатаму укажуваат дека економијата севкупно останува стабилна.

На основа на цела година, односно 2021, сите четири главни американски индекси забележаа позитивни приноси, при што S&P 500 имаше раст од 26,9% за годината, благо надминувајќи го Nasdaq за прв пат од 2016 година кој оствари раст од 21,4% додека Dow Jones Industrial Average порасна за 18,7% во 2021 година. Накратко, 2021 година беше уште една историска година за пазарите, пред се бидејќи владината политика остана со силна поддршка на економијата, растот на корпоративните приходи беше силен, и постигнат е значителен напредок против пандемијата во форма на широко распространета вакцинација и напредок во третманите. Сите овие позитивни настани, збирно, се рефлектираа со раст на пазарите на капитал, особено во последниот квартал од годината.

Сите овие настани влијаеа и врз цената на уделот на ВФП Дивиденда кој оствари принос за четвртиот квартал од 2021 година од 9,90% додека приносот од основање (20.01.2021) изнесува 23,94%.



АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ВФП ДИВИДЕНДА ВО СПОРЕДБА СО СВЕТСКИТЕ БЕРЗАНСКИ ИНДЕКСИ



Извор: Eikon; WVP Fund Management

Како показател за успешноста при управување со средствата на инвеститорите следејќи ја инвестициската стратегија на фондот вложување во мултинационални компании кои имаат потенцијал за раст на бизнисот; компании кои имаат високи дивиденди приноси чии бизниси се стабилни, нискозадолжени или имаат висока способност да ги исплаќаат каматните расходи и вкупните долгови и имаат примарна изложеност на Американскиот пазар; односно како репер за споредба на приносот на ВФП Дивиденда го користиме MSCI World Index - глобален индекс на акции кој опфаќа компании со средна и голема капиталзиција од 23 развиени пазари во светот

ВФП ДИВИДЕНДА СЕКТОРСКА ИЗЛОЖЕНОСТ



Извор: WVP Fund Management

Голем дел од фондот во моментов е позициониран во компании од секторот IT, Здравство и Финансиски услуги .
Но исто така и диверзификацијата и изложеноста на сектори како Индустрија Потрошувачка Циклична, Енергетика, кои важат за сектори со висока корелација со бизнис циклусот и повисока волатилност, ни овозможуваат да искористиме од моменталниот раст на овие сектори – при експанзивни економски периоди

ВФП ДИВИДЕНДА ВАЛУТНА ИЗЛОЖЕНОСТ

Стратегијата на Фондот е доминантно вложување на средствата во Американски акции резултира со доминантна изложеност на Фондот во Американски долар (USD).
Од графиконот може да се забележи дека 67,93% од средствата на Фондот се изложени на акции во долари, потоа 18,62% е изложеност на акции во евра и останатиот дел од средствата му припаѓа на други валути како швајцарски франци, британски фунти се со цел дисперзија на средствата на инвеститорите и заштита од валутни ризици кои се јавуваат кога се вложува во финансиски инструменти со странски валути.



Извор: WVP Fund Management

ПРЕГЛЕД НА ТОП 3 ПОЗИЦИИ СО НАЈДОБРИ ПЕРФОРМАНСИ СПОРЕД УЧЕСТВО ВО ИМОТОТ НА ФОНДОТ(Q4)

ABBVIE INC

AbbVie Inc. е биофармацевтска компанија која е базирана на истражување. Компанијата е фокусирана на истражување и развивање, производство, комерцијализирање и продажба на медицински терапии. Главен производ на оваа компанија е Humira која претсавува терапија против автоимуни и цревни заболувања и преку неговото продавање сеоствaрува дури половина од профитот на компанијата. Останати познати производи се: Skyrizi, Rinvoq, Imbruvica, Vencelxta, AndroGel, Lupron. Овие производи се користат за лекување на болести како леукемија, рак, анемија и регулација на одредени хормони. Овие производи се продаваат во светски рамки директно на големопродавачи, дистрибутери, владини агенции и медицински институции. Според последните објавени резултати за третиот квартал, вкупните приходи бележат раст од 29%, односно 41,311 милијарди долари. Нето добивката изнесува 7,504 милијарди и добивката по акција е 9.39 долари.

APPLE INC

Apple е Американска мултинационална корпорација која дизајнира, развива и продава електроника, компјутерски софтвер и онлајн услуги. Како главни производи на оваа компанија се вклучуваат: мобилните телефони(iPhone), таблети(iPad), часовници(Apple Watch), слушалки(Air Pods) и телевизиска платформа(Apple TV). Нивниот софтвер ги вклучува оперативните системи како OS X, IOS, iTunes и Safari. Компанијата 40% од своите приходи ги генерира во САД, а останатиот дел од приходите се генерираат интернационално. Вкупните приходи на Apple за 9те месеци од 2021 изнесуваат 365,817 милијарди долари, што претставува раст од 33,2% споредбено со истиот период минатата година. Нето приходот изнесува 94,68 милијарди, и со тоа е остварен раст од 64,9% во споредба со минатата година. Добивката по акција изнесува 5,61 долари и тоа е раст од 71% спрема минатата година.

HOME DEPOT INC/THE

IHome Depot е најголемата светска компанија за подобрување на домови. Тие се занимаваат со продавање на разни производи за уредување на домовите, градежни материјали, алати, тревници и материјали за во градина ,а исто така и обезбедуваат инсталации, домашно одржување. Исто така, нудат опрема и алати за изнајмување. Нивната мрежа се состои од 2300 магацини и продавници кои нудат повеќе од 30 000 производи, а нивната онлајн понуда достигнува и до 1 милион производи. Тие се раширени на целата територија на САД, Канада и Мексико. Home Depot бележи раст од 15.6% на вкупните приходи, раст од 30,7% за нето приходите, и раст на добивката по акција 32.7 која изнесува 12.31 долари.

АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ФОНДОВИТЕ

ВФП 100% БОНД

YTD 2,11%

Цена на удел Q4 2021



Извор: WVP Fund Management

Принос %	3 месеци	6 месеци	1 година	Од основање
	0,30%	0,61%	2,11%	18,18%

Глобалните приноси на обврзниците покажаа мала промена во текот на кварталот, на стартот приносите имаа пад поради загриженоста поврзана со Omicron варијантата на Ковид 19 пред да се зголемат на крајот на годината на информациите на затегнување монетарните политиники на централните банки и олеснување на загриженоста околу новата варијанта на Ковид. Во САД приносот на 10-годишната американска државна обврзница се зголемии за 2 базични поени (bps) од 1,49% на 1,51% како што ФЕД почна да ја намалува својата програма за купување средства и ги најавите трите зголемувања на стапките во 2022 година. 10-годишниот принос на државната обврзница на Велика Британија пак падна за 5 bps до ниво од 0,97% и покрај првото зголемување на основната каматна стапка на Банката на Англија по повеќе од три години, при што инфлацијата на потрошувачките цени достигна ниво од 5,1%. Јапонскиот 10-годишен принос на државните обврзници беа непроменети на ниво од 0,07% додека приносот на Германската 10 годишна државна обврзница се зголеми за 2 bps до ниво од -0,18%.

Приносите се зголемија на крајот на годината бидејќи ЕЦБ објави поголемо од очекуваното намалување на купувањето на средства и олеснување на загриженоста околу потенцијалното економско влијание на Омикрон исто така ги поттикна приносите на повисоко ниво на крајот на годината.
ВФП 100% Бонд во четвртиот квартал реализира раст од 0,30%, додека растот за 2021 година изнесува 2,11%.

ДВИЖЕЊЕ НА ПАЗАРИТЕ НА ФИКСЕН ДОХОД НА ДРЖАВИ ВО РАЗВОЈ



Извор: Eiikon, Refinitiv

Генерално приносите на државните обврзници на пазарите во развој остварија негативни приноси во текот на Q4 2021. Неколку фактори придонесоа за оваа ситуација и тоа: објавата на ФЕД дека ќе го забрза намалувањето на QE во 2022 година и дека QE ќе заврши во средината на март, околу три месеци порано од очекуваното, сигналот на ФЕД дека се очекува да ги зголеми каматните стапки три пати во 2022 година со цел да се избори против зголемената инфлација и загриженоста дека ширењето на варијантата Омикрон може да има негативен ефект врз глобалните синџири на снабдување, закрепнувањето на ЕМ економиите зависни од патувањето и туризмот беше одложено.
Турција имаше најнизок перформанс во четвртиот квартал, а лирата депрецираше за над 33% при серијата
на неконвенционални политички одлуки од страна на централната банка. Ова вклучуваше намалување на основната каматна стапка на 21 октомври за 200 bps и дополнителни намалувања од 100 bps во ноември и во декември, иако инфлацијата се искачи на ниво од 36,1% (CPI) во декември - што е многу над целта на Централната банка од 5%. Централната банка исто така мораше да интервенира два пати на почетокот на декември за да помогне во стабилизирањето на лирата.

ВФП 100% БОНД ВАЛУТНА ИЗЛОЖЕНОСТ

Од графиконот може да се забележи дека 48,73% од средствата на Фондот се изложени во евра, потоа 27,41% во денари, 21,17% во американски долари додека исто така портфолиото на фондот е изложено на рубља со 2,69% - руски државни обврзници. Руската рубља од почетокот на годината има остварено раст од 6,22%.



Извор: WVP Fund Management

АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ФОНДОВИТЕ

YTD
0,92%

ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ

Комитетот за оперативна монетарна политика на Народната банка на седницата во месец ноември 2021 оцени дека постојното ниво на основната каматна стапка е соодветно на тековните економски и финансиски услови, при што беше одлучено таа да остане иста, на нивото од 1,25%, Со тоа, монетарната политика и натаму е олабавена, придонесувајќи за поддршка на кредитните текови во економијата.
Според последните расположливи макроекономски показатели за економската активност, бруто домашниот производ во првата половина од годината оствари раст од 5,2%, а тековните оценки за третиот квартал на 2021 година упатуваат на натамошен, но поумерен раст на економската активност во овој период, видливи преку расположливите високофреквентни податоци, пред сè во делот на личната потрошувачка. Економското закрепнување би продолжило и во следниот период, со стапки на раст од 3,9% за оваа и следната година и постепено би достигнало 4% на среден рок.

Во однос на инфлациските движења, во периодот јануари – октомври, годишниот раст на цените изнесува 2,9%, во просек. Засега се оценува дека ценовните притисоци главно се поврзани со фактори на страната на понудата, без поголеми притисоци од побарувачката. Притоа, нагласена е неизвесноста и променливоста во движењето на светските цени на примарните производи, пред сè на енергенсите, во следниот период, поради што е потребно нивно будно следење. Според последните проекции, во кои се вградени претпоставките за позначителен раст на увозните цени во текот на оваа година, домашната инфлација и натаму би била умерена и во контролирани рамки и би изнесувала 3,1% и 2,4% во 2021 година и 2022 година, соодветно, па постепено би се свела на историското ниво од околу 2% на среден рок. Девизните резерви и понатаму се на соодветното ниво и во сигурната зона. Од почетокот на годината, девизните резерви бележат зголемување. Оцените за надворешната позиција на економијата, согласно со досегашните остварувања, и во рамките на овој циклус проекции се поволни. Сепак, последните оценки упатуваат на малку поголем дефицит во тековната сметка, особено во текот на 2021 и 2022 година, заради поголеми увозни притисоци од побарувачката од очекуваните и поголем ефект врз билансот на плаќања од сè повисоките цени на енергенсите. Во рамките на најновите проекции, се очекува дека дефицитот во тековната сметка на билансот на плаќања умерено ќе се продлабочи во 2021 година на 3,8% од БДП и ќе се задржи на истото ниво во 2022 година, по што би се движел околу 2% од БДП на среден рок.

На страна на макроекономските индикатори, проекциите на ММФ согласно објавениот извештај од октомври 2021 се раст од 4% во 2021 и раст од 4,20% во 2022 година на домашниот БДП, мало нагорно ревидирање од проекциите објавени во месец април. Во извештајот ММФ проектира стапката на невработеност во РСМ да биде на ниво од 15,9% во 2021 и 15,6% во 2022 година. ММФ за 2021 и 2022 година проектира стапка на инфлација од 3,1% и 2,2% соодветно.

Општо земено, на седницата беше заклучено дека движењата кај основните макроекономски параметри се главно во рамките на очекувањата, а последните проекции не упатуваат на поголема промена на макроекономската слика во споредба со претходните оцени. Неизвесноста од пандемијата предизвикана од ковид-19 и понатаму постои, додека ризиците се поизразени и главно надолни

ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ

И покрај ниските каматни стапки ВФП Кеш Депозит успева да оствари атрактивен принос. ВФП Кеш Депозит и понатаму останува совршен производ за:

- Конзервативни инвеститори што претпочитаат средствата да им се примарно пласирани во банки;
- Правни лица, кои сакаат да остварат повисок принос од приносот на трансакциска сметка на ликвидните средства што им се потребни за краток период;
- сите физички лица, имајќи предвид дека секој човек првично има потреба од ликвидни и стабилни средства.

Извор: WVP Fund Management



Извор: НБРМ; WVP Fund Management

**Историските приноси на Фондот имаат само информативен карактер и не претставуваат проекција на можниот принос на Фондот во иднина*

МАКРОЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ



Извор: data.oecd.org



Извор: data.oecd.org

Вкупната инфлација во САД достигна највисоко ниво во последните 39 години од 6,8% на годишно ниво во декември, додека стапката на невработеност падна до 4,2%. Економистите кои беа анкетирани очекуваа годишен раст на инфлацијата од 5,4%. Брзото затегнување на пазарот на труд во САД, заедно со постојаните инфлациски притисоци, поттикна реакција од Федералните резерви на САД (ФЕД) во декември. На почетокот на декември на состанокот, ФЕД објави дека ќе го удвои темпото на намалување до 30 милијарди долари месечно во јануари, со прекин на купувањата на средства во Март. Ова ѝ дава на Централната банка на Америка можност за зголемување на основаната каматна стапка во првата половина од 2022 година. Притоа наведувајќи ги покачените инфлациски притисоци и понатаму подобрувања на пазарот на трудот, претставници на ФЕД, проектираа три зголемување на стапката во 2022 година, три во 2023 година и две во 2024 година.

Економскиот раст на САД нагло забави во третиот квартал во услови на разгорување на инфекциите со Ковид-19. Согласно податоците од Американското биро за статистика реалниот бруто домашен производ на САД (БДП) се зголеми на 2,3% (годишно), од проценетото темпо од 2,1%. Ова беше сè уште најбавниот квартал на раст од вториот квартал на 2020 година, кога економијата претрпе историска контракција како последица на строгите задолжителни мерки за задржување на првиот бран.

Во третиот квартал од 2021 година, реалниот БДП се зголеми за 2,2% во еврозоната и за 2,1% во ЕУ во споредба со претходниот квартал, според проценката објавена од Еуростат, статистичкиот завод на Европска унија.
Кварталот во Европа беше обележан со нестабилни цени на бензинот што придонесе за повисока инфлација. Годишната стапка на инфлација во еврозоната достигна 4,9% во ноември, во споредба со -0,3% една година порано. Годишната инфлација во еврозоната се очекува да биде 5,0% во декември 2021 година според проценките од Еуростат, заводот за статистика на Европската унија.. Европската централна банка соопшти дека ќе го намали купувањето на обврзници, но ја отфрли можноста за зголемување на каматните стапки во 2022 година.

Во последниот извештај **Преглед на светските економски изгледи** на ММФ од октомври 2021 година предвидено е глобалната економија да порасне 5,9% во 2021 година и 4,9% во 2022 година. Во извештајот на Светска банка пак од Јануари 2022 за **глобалните економски изгледи** светската економија е поектирано да порасне на 5,5% во 2021 година (претходна проекција 5,6%), до 4,1% во 2022 година (претходна проекција 4,3%).

ОЧЕКУВАЊА ЗА 2022 ГОДИНА

Раст на реален БДП по региони (2019-2022)

2019 & 2020 - актуелни 2021 & 2022 - проекции
Извор: IMF World Economic Outlook, October 2021 (latest data available)



Инфлацијата, заострувањето на политиката на централните банки и стапките на инфекција со Ковид-19 продолжуваат да го загрозуваат растот на акциите, но аналитичарите во голема мера не предвидуваат пад на акциите во 2022 година.

Проекциите на главните стратези на Волстрит за очекувањата во 2022 година се прилично широки. Главниот американски стратег за акции во Credit Suisse, проектира дека S&P 500 ќе се искачи на ниво од 5.200, приближно 9% повисоко од каде што заврши во 2021 година. Morgan Stanley пак има проектирано на крајот на 2022 година за S&P 500 да заврши на ниво од 4.400, што би изнесувало пад од речиси 9%. Wells Fargo прогнозира дека индексот би можел да достигне ниво од 5.300, обезбедувајќи уште една година на силни добивки.

Патот на економијата продолжува да зависи од текот на вирусот Ковид 19. Во текот на следните 12 месеци, ако варијантата на Ковид 19 - Омикрон е краткотрајна како и очекувањата за раст на БДП и зголемените корпоративни заработки сè уште го оправдуваат поголемото учество на средствата кон ризичните класи на инструменти во портфолијата. Креаторите на политиката на ФЕД го забрзаа намалувањето на нејзината програма за купување обврзници. Федералните резерви посочија дека би можеле да ги зголемат стапките три пати во 2022 година, со цел да се обидат да ја зауздаат растечката инфлација. Доколку тоа се случи, трошоците за позајмување сè уште ќе бидат исклучително ниски според историските стандарди. Но, средина на зголемени каматни стапки може да го промени расположението на инвеститорите. „Ризиците растат бидејќи централните банки се поблиску до укинување на монетарната поддршка“, велат аналитичарите на Goldman Sachs во прогнозата за акциите за 2022 година. Но, стратезите потенцираат дека растот на пазарите на капитал најверојатно ќе продолжи благодарение на очекуваното зголемување од 8% на глобалната корпоративна заработка.

Инфлацијата продолжи да расте низ целиот свет водени од комбинација на поголема побарувачка и помала понуда на глобалната работна сила и недостигот на инпути. Аналитичарите се едногласни дека враќање на инфлацијата во стилот на 1970-тите не се очекува, тие проектираат дека јазот помеѓу понудата/побарувачката ќе опстои и во 2022 година и ќе ја задржи инфлацијата покачена како во развиените земји така и во земјите во развој. Стапките на инфлација на крајот на 2022 година се очекува да бидат пониски отколку на почетокот на годината со оглед на необичен пораст на цените на одредени стоки.

Инвеститорите, исто така, ќе се фокусираат на потенцијалните даночни промени во Build Back Better Act, кои се насочени кон богати поединци и корпорации. Бидејќи корпоративната заработка е еден од клучните фактори за перформансите на пазарот, секоја промена во стапките на корпоративниот данок има потенцијал да ги промени изгледите за заработката.

ПРЕПОРАКА ДО ИНВЕСТИТОРИТЕ

Инфлацијата, заострувањето на политиката на централните банки и стапките на инфекција со Ковид-19 продолжуваат да го загрозуваат растот на акциите.

ФЕД објави дека ќе го забрза намалување на QE во 2022 година и дека QE ќе заврши во средината на март, околу три месеци порано од очекуваното. ФЕД, исто така, сигнализираше дека се очекува да ги зголеми каматните стапки три пати во 2022 година со цел да се бори против зголемената инфлација.Европската централна банка соопшти дека ќе го намали купувањето на обврзници, но ја отфрли можноста за зголемување на каматните стапки во 2022 година.

Во геополитиката, тензиите продолжуваат на источниот фронт Украина - Русија како одговор на стравувањата за поблиска соработка помеѓу Украина и западните сојузници.
Во САД, претседателот Џо Бајден не успеа во својот маратон да ја помине неговата програма од 1,7 трилиони долари за Build Back Better бидејќи демократскиот сенатор Џо Манчин одби да ја поддржи програмата, наведувајќи ги стравовите од инфлација, прашањата за одржливоста на долгот и геополитичките ризици како причини за неговата одлука

Сепак, и покрај многуте фактори што можат да предизвикаат нестабилност, подобрувањето на економската траекторија нуди можности за инвеститорите кои се селективни и истрајни.

Инвеститорите ќе мора да останат широко диверзифицирани за да бидат сигурни дека нивните портфолија ги генерираат приносите согласно нивните потреби. Успешното инвестирање е маратон, а не спринт, па дури и привремени периоди на нестабилност, како што доживеавме за време на почетокот на пандемијата нема да го промени диверзифицираниот пристап за исполнување на вашите долгорочни инвестициски цели. Затоа, од клучно значење е да останете инвестирани, да останете трпеливи и да се држите до планот.

Како и претходно, препорачуваме инвеститорите и понатаму да се придржуваат до своите зацртани финансиски цели без притоа да се трудат да го погодат дното или врвот. Веруваме дека на долг рок оваа стратегија е далеку поопправдана од стратегијата на “бркање краткорочни заработки” преку купопродажни трансакции. Бидете сигурни дека целиот наш тим ќе остане посветен да продолжиме заедно успешно да се движиме низ ова предизвикувачко пазарно опкружување.